# Едукација ИСТАНБУЛ

23.08-18.09.2015

ЧАПА ЦЕРАПАША ХОСПИТАЛ

# Полетување за истанбул



# Пристигнување и сместување во хотел Grand Umit



# Почеток на едукација во Чапа Хоспитал



# ПРВА НЕДЕЛА
# АМБУЛАНТА ЗА СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА

- Првата недела со докторката поминав повеќе пациенти кои што имаа закажан термин за таа недела,беа со најразлична патологија,и секој случај беше решаван сам за себе.Дел од пациентите беа упатени на понатамошни иследувања,дел беа препратени на друг специјалист,а дел беа решени со терапија.На ден немаше закажано повеќе од 10 пациенти.

# ВТОРА НЕДЕЛА
# ИТНА ИНТЕРНА

- Универзитетската клиника нема една итна помош,туку секој оддел има своја итна служба:
- Итна интерна
- Итна ортопедија траума и хирургија
- Итна детска
- Итна за Жени

# ВТОРА НЕДЕЛА
# ИТНА ИНТЕРНА

- Општ впечаток на лекарите кои што работат таму е подобро кога би имало една Општа Итна служба,бидејќи луѓето не знаат на која служба да се обратат
- Во итните служби покрај редовно вработени лекари специјалисти од дадената област има и специјализанти од истата област.

# ВТОРА НЕДЕЛА
# ИТНА ИНТЕРНА

- Службата е многу добро организирана,работи 24/7, опремена е добро со стандардна опрема што обично ја има во овие служби
- Впечаток ми оставија малите апарати за мерење на оксигенацијата(кислородот во крвта)кои што се мобилни и лесни за носење

# ВТОРА НЕДЕЛА
# ИТНА ИНТЕРНА

- Она што ми остави особен впечаток е што секој пациент добива лист кој што треба да се пополни со основните анамнестички наоди на пациентот и физикалниот наод
- На тој лист се прикачуваат сите други испитувања што пациентот ги прави,и еден лист кој што е особено важен,а е извадок од закон за согласност за укажување на прва помош.Со негово потпишување пациентот се согласува да му биде укажана помош.Тој лист е прикачен за листот со анамнестичките податоци и физикалниот преглед.

# ТРЕТА НЕДЕЛА
# ИТНА ХИРУРГИЈА,ТРАУМА ОРТОПЕДИЈА

- Овој дел од нивната итна помош е најфрекфентниот сегмент
- Пациенти доагаат од скоро цел Истамбул.Дел  од нив се донесени со транспорт од итна помош, а дел доаѓаат сами.

# ТРЕТА НЕДЕЛА
# ИТНА ХИРУРГИЈА

- Во хирурshкиот дел има повеќе акутни абдоминални заболувања кои не се транспортираат во другата зграда но се оперираат во сали кои заедно со интензивна нега се наоѓаат веднаш над итната хирургија
- Постојат и соби кои се означени како соби за реанимација веднаш до приемната соба на итна хирургија. Секој животно загрозувачки пациент оди во таа соба која ја има целата опрема за мониторинг и опрема за најургентните состојби како интубација кога е потребна ЕКГ и дефибрилатор,како и кислород и ампуларна терапија.

# ТРЕТА НЕДЕЛА
# ИТНА ТРАУМА и ОРТОПЕДИЈА

- Истата организација е и на итен ортопедски дел и итна траума
- Има убава достапност до дијагностичките методи како РТГ, компјутерска томографија и магнетна резонанца
- Резултатите директно се пуштаат на компјутер кај докторот кој го пратил пациентот на комјутер.
- Тоа е само во склоп на болницата

# ЧЕТВРТА НЕДЕЛА
# ИТНА СЛУЖБА ДЕТСКО

- По правило требаше да биде на детско итна служба но заради потреба од специјална писмена дозвола  што јас ја немав не ја реализирав.
- Последна недела,јас ја поминав повторно на итна ортопедија и траума ,што за мене беше големо искуство во однос на различноста на случаите